**УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**
**ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА**
**Катедра за орална и максилофацијална хирургија и дентална имплантологија**
ул.„Крсте Мисирков" бб
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р.Македонија
Тел: 032550400; 032550439; 070338392
www.ugd.edu.mk
e-mail: cena.dimova@ugd.edu.mk

## НАУЧЕН СИМПОЗИУМ:

# "РИЗИЧНИ ПАЦИЕНТИ, РИЗИЧНИ СОСТОЈБИ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА"

**29.3.2014 сабота**

**Мултимедијален центар –**
**Економски факултет - Штип**

*Симпозиумот е акредитиран од стручната комисија при Стоматолошката Комора на Македонија со 8 бода за пасивно и 12 бода за активно учество*

# ПРОГРАМА

**8.30-9.00 Регистрација на учесниците**
**9.00 – 9.15 Отворање на симпозиумот – Поздравен говор на Проф. д-р Рубин Гулабоски – Декан на Факултетот за медицински науки**

## 9.15-9.45 Академик д-р Жан Митрев



Д-р Жан Митрев е роден во Штип, каде што завршува гимназија, а Медицински факултет во Скопје. Специјализира хирургија во Загреб, а кардиохирургија во Германија. Работи како кардиохирург во Франкфурт и во Цирих, а во 2000 година ја отвора првата приватна болница во Македонија.

Како единствен Македонец досега, во 1997 год. во Франкфурт ја прави и првата трансплантација на срце. Во своето секојдневие како кардиоваскуларен хирург има реализирано над 15.000 операции, посебно има дадено придонес во хирушките техники од областа на исхемичната болест на срцето, валвуларната реконструктивна хирургија, хирургијата на големите крвни садови, васкуларната, како и хирургијата на вродените срцеви мани. Како резултат на неговата макотрпна работа има добиено повеќе светски награди на значајни меѓународни собири. Покрај повеќето публицирани трудови, од посебно значење се оние трудови што се номинирани за награда при Европското здружение за кардиохирургија во 2010 и 2012 година. Автор е на книгата Кардиоваскуларни решенија-книга со збирка случаи од неговата секојдневна практика како кардиоваскуларен хирург, со својата научна и стручна подготвеност дава приказ на многу клинички решенија на многу витално загрозувачки состојби.

### ПРЕВЕНЦИЈА И ТРЕТМАН НА ЕНДОКАРДИТ

**Автор**: академик д-р Жан Митрев
**Коавтори**: Тања Анѓушева, Енвер Идоски, Борјанка Георгиева, Иван Милев, Шпенд Идризи, Емил Стоицоски, Никола Христов

**Вовед**: Инфективниот ендокардит и покрај големиот напредок во хируршките техники, интензивното лекување и дијагностиката и понатаму е заболување со висока стапка на морбидитет и морталитет. Еволуцијата и настанувањето на резистентни видови на микроорганизми е отежнувачки фактор во лекувањето на овој клинички ентитет.70% од пациентите се со влезна врата после превземени дентални процедури.

**Материјал и методи:** Во периодот од 2000-2013 година од 15.000 операции на отворено срце, 4500 беа со валвуларна хирургија, од кои 450 со етиологија на акутна и субакутна форма на ендокардит. Дијагнозата беше поставена врз основа на ехокардиографскиот наод и микробиолошката потврда за позитивна хемокултура. Според последните препораки на Америчкото и европското кардиолошко здружение, пациентите беа конзервативно третирани во акутната фаза, и после смирување на инфективните параметри беа прифаќани за оперативен третман. Ургентна операција беше применувана само кај пациенти со акутна деструкција на валвулите и нарушена функција.

**Резултати:** од 450 оперирани пациенти со акутен ендокардит (90 жени и 360 мажи со –X=65+/-4,6години) 420 (93%) беа оперирани после нормализирање на инфективните параметри, 30 пациенти (17%) беа оперирани во акутна фаза поради акутна деструкција на валвуалрниот апарат и септичен шок. Во по оперативниот период и во двете групи на пациенти доминираа компликациите на сепса. Пациентите беа третирани со средно висока доза на катехоламини, со респираторни часови од 16+/-10, и среден интензивски престој од 15+/-7 дена. На бубрежна заместителна терапија поради акутна бубрежна инсуфициенција беа поставени 42 пациента(10%). Само 2 пациента беа поставени на Огзирис филтер поради ендотоксичен шок, кај истите се забележа брза хемодинамиска стабилизација без дополнителна инциденца на компликации. Двата пациента отпуштени дома после 10дена. Смртноста изнесува 34 (7,6%) пациенти.

**Заклучок:** Клиничката варијабилност и комплексноста на инфективниот ендокардитис бараат адекватен клинички пристап кон секој пациент. Третманот на овие пациенти е комплексен и поврзан со можни компликации. Адекватна ендокардитис профилакса посебно при стоматолошките процедури е задолжителна во превенцијата на ова заболување.

## 9.45-10.15 Доц. д-р Марија Вавлукис



Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје во 1988 година, каде што специјализира интерна медицина во 1998 година и супспецијализира кардиологија во 2008 година. Магистрира во 2002 година, со темата "Миокардна перфузиона томосцинтиграфија во дијагноза, ризик стратификација, евалуација на терапија и прогноза на болни со КАБ" станува доктор на стоматолошки науки во 2008 година со темата "Предиктори на клиничкиот тек по хируршка реваскуларизација на миокардот кај пациенти со коронарна артериска болест". Во својата кариера стручно се усовршува во Австрија. Учесник е на повеќе национални и меѓународни проекти. Автор е на повеќе од 100 стручни и научни трудови, објавени во земјава и странство. Член е на национални и меѓународни стручни и научни здруженија. Вработена на универзитетската клиника за кардиологија каде од септември 2013 година е раководител на Единицата за Интензивна коронарна нега. Ангажиран наставник на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, Факултет за медицински науки науки, и на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје.

### ПЕРИОДОНТИТИС И КОРОНАРНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ-АСОЦИЈАЦИЈА МЕЃУ ПЕРИОДОНТАЛНИТЕ И ВАСКУЛАРНИТЕ ПЛАКИ

Периодонтитисот е бактериски предизвикана, локализирани хронична воспалителна болест проследена со уништување на сврзното ткиво и коската која го поддржува забалото. Прашањето на асоцијацијата на оваа состојба со коронарната артериска болест (КАБ), е старо повеќе од дваесет години, но и васкуларната болест воопшто, е поддржано од инфламаторната теорија. Ефемерна бактериемија, системското воспаление и имуните-патолошки реакции претставуваат тријадата на механизми кои ја поддржуваат вкрстената теорија помеѓу периодонтитисот и васкуларните оштетувања. Системската супклиничка инфламација која

го прати периодонтитисот веројатно придонесува за ендотелната и васкуларна дисфункција која е во основата на атеросклерозата. Патофизиолошките докази сугерираат дека бактериемијата проследена со реактивна може да ги модифицира васкуларните карактеристики и да го направи вулнерабилен кардиоваскуларниот систем. Од друга страна актуелните клинички докази не ја поддржуваат превенцијата на КВБ преку превенција и третман на болеста на периодонтот. Оваа содржина дава преглед на актуелните докази и правците за понатамошни иследувања за поткрепување или отфрлање на оваа теорија.

***Клучни зборови***: периодонтитис, бактериемија, КАБ, атеросклероза

## 10.15-10.45 Доц. Д-р Анита Арсовска

Доцент д-р Анита Арсовска е родена во Скопје. На Медицинскиот факултет во



Скопје дипломирала 1994 година со просек 9,34, а специјалистички испит по неврологија го положила во 2001год. Магистерскиот труд со наслов "Компаративна анализа помеѓу колор дуплекс сонографските и ангиографските наоди на заболувањата на каротидните артерии го одбранила 2002 година, додека докторската теза со наслов " Транскранијална колор дуплекс сонографија кај пациенти со исхемичен цереброваскуларен инсулт: клиничко радиолошка студија со магнетна резонантна ангиографија" ја одбранила 2007 година. За доцент по предметот неврологија при Медицинскиот факултет, Универзитетот Св. Кирил и Методиј, е избрана 2009 година. Вработена е на Универзитетската клиника за неврологија, како шеф на одделот за ургентна неврологија. Во 2010 година е избрана за Претседател на Здружението на невролози на РМакедонија. Има посетувано повеќе конгреси, работилници и семинари во земјата и во странство, и има публикувано над 70 абстракти и 18 трудови in extenso. Автор е на книгата Доплер сонографија во васкуларната патологија, коавтор на 6 книги од областа на неврологијата, како и автор на две поглавија во книги со странски автори (Epilepsy-a review и Textbook of movement disorders).

### МЕНАЏМЕНТ НА СТОМАТОЛОШКИ ПАЦИЕНТИ СО НЕВРОЛОШКИ ЗАБОЛУВАЊА

Пациентите со невролошки заболувања имаат потреба од внимателен пристап. Тоа значи дека треба претходно да се испланира третманот, терапевтските техники и потребите после третманот. Невролошките заболувања кон кои треба да се обрне особено внимание се асоцирани со кранијалните нерви, губиток на сензибилитетот на лицето, лицева парализа, како состојби како епилепсија, Паркинсонова болест, мултипна склероза, мозочен удар, деменција и мијастенија гравис. Денталната грижа кај овие пациенти има свои специфичности, пред се поради фактот дека овие пациенти имаат свои посебни потреби. Во презентацијата ќе бидат опфатени специфичните аспекти на невролошките заболувања, несаканите ефекти од невролошката медикаментозна терапија врз усната шуплина, но и отежнатата соработка од страна на пациентите поради невролошките симптоми

## 10.45 – 11.15 Кафе Пауза

## 11.15-11.45 Проф. д-р Ивона Ковачевска



Проф. д-р Ивона Ковачевска е родена во Битола каде го завршува основното и средно образование. Академските студии по Стоматологија ги завршува на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Магистрира и докторира на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј". Од 2008 година е избрана во звањето насловен доцент, односно доцент од 2011година на Факултетот за медицински науки при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип. Специјалист е по Болести на забите и ендодонтот. од 1995година. Автор е и коавтор на преку 120 трудови и публикации во домашни и интернационални часописи, конференции, симпозиуми. Во моментот работи како вонреден професор на Факултетот за медицински науки, Универзитет "Гоце Делчев" во Штип. Нејзино поле на потесен интерес е реставративна стоматологија со ендодонција, ласерска тераписка процедура како и ветеринарна стоматологија.

**РИЗИК ФАКТОРИ ОД ЕРГОНОМСКИ АСПЕКТ КОИ ПРЕДИЗВИКУВААТ МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИ ПРОМЕНИ КАЈ СТОМАТОЛОЗИТЕ**

Комбинацијата од неправилното држење, повторувачките движења, механичката сила, вибрациите и уште многу други фактори поединечно или интегрирано го афектираат мускулно-скелетниот комплекс на докторите по дентална медицина.

Во презентацијата ќе бидат елаборирани ризик факторите и ергономските неправилности кои се реперкуираат со појава на МСП (мускулно скелетни промени) кај денталниот персонал. Исто така ќе стане збор за препораките и можностите да се избегнат или барем минимизираат овие несакани причинители со цел да се подобри работниот век и квалитетот на живот на оваа експонирана популација.

## 11.45-12.15 Доц. д-р Вело Марковски

Специјлист Инфектолог, специјалистичкиот испит го положи во 1996 год, а



докторира во 2003 година. Автор е на повеќе од 70 стручни, научни трудови и монографии. Во периодот од 1988 до 2002 год е директор на Клиниката за Инфективни болести, каде работи од 1992 до 2010 година. Председател е на Првиот семакедонски конгрес за лекарите стоматолозите и фармацевтите од Македонија. Бил член на комсијата за заштита од заразнио заболувања, и национален кординатор за акутни респираторни заболувања при Министерството за здравство на РМ. Од 2012 година е вработен како доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот "Гоце Делчев" -Штип.

**СТОМАТОЛОШКИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ КАКО РИЗИК ОД ХЕПАТИТИТС Б ЗА ПАЦИЕНТИТЕ И ЗА СТОМАТОЛОЗИТЕ**

Хепатитис Б има големо значење во хуманата патологија, но и врз целокупниот економски и социјален живот на човекот. Во светот има 350 милиони луѓе со хроничен хепатитис Б, а се смета дека со овој вирус имаале контакт дури 3

милјарди. Најзначајно место во хоризонталната трансмисија на еден од најмалите, но во исто време и многу отпорен и вирулентен ДНА вирус, се медицинските интервенции. Стоматолошките интервенции поради големиот број на прегледи, бројот на крвави интервенции и спецификите на стоматолошките интрументи, се најчест извор на зараза за хепатитис Б. Познавањето на природата на вирусот, неговата отпорност, начинот на пренесување, можностите за негово уништување, клиничките карактеристики, можностите за терапија и превентива, секако се добра основа за за заштита на стоматологот од овој вирус, а во исто време знаењата за хепатитис Б ќе му помогнат да ги заштити своите пациенти .

## 12.15-12.45 Доц. д-р Васо Талевски

Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во 1982 година. Работи како



доктор по општа пракса, Начелник на Воена амбуланта во Струмица (1985-1990). Во 1993 година завршува Специјализација по микробиологија и паразитологија на медицински факултет Скопје на Институтот за микробиологија и паразитологија, Магистрира во 1996 година на Медицинскиот факултет во Скопје, на Институтот за микробиологија и паразитологија на тема: Прилог кон серолошката дијагностика на хуманата бруцелоза, Процена на дијагностичката вредност на 2-Меркаптоетанол тестот. Докторира во јануари 2002 година на Медицинскиот факултет во Скопје, на Институтот за микробиологија и паразитологија на тема: Имуноензимски метод (Elisa) и полимераза верижна реакција( pcr ) во дијагностиката на хуманата бруцелоза.

Други активности: Секретар на Здружението на Микробиолози на Македонија 1991-1993, Претседател на Здружението на Микробиолози на Македонија 1993-1997, Претседател на Организациониот одбор на 1-от Микробиолошки конгрес на Македонија со меѓународно учество, Делегат во ФЕМС (Федерација на Европски микробиолошки друштва) 1997-2002, 2011-2015, Член на Извршниот комитет на ФЕМС, Секретар за Грантови 2005-2012, Член на ФЕМС Борд за грантови 200-2003, 2012-2015, Национален координатор за бруцелоза 2000-2005, Член на Организационите одбори на Европски микробиолошки конгреси на ФЕМС, 2003, 2006, 2009, 2011, 2013, Претседател на Бордот за грантови на Европските микробиолошки конгреси 2009, 2011, 2013, автор на преку 70 трудови, учесник на голем број на национални и меѓународни конгреси, конференции, симпозиуми, најчесто како поканет предавач. До декември 2012 Начелник на Институтот (Центар) за превентивна медицина во Военомедицинскиот центар Скопје. Во 2009 година избран за насловен доцент на ПМФ Скопје, катедра за микробиологија. Во 2012 година избран за доцент на УГД Факултет за медицински науки, за предметот Микробиологија со паразитологија. Професор на Високата медицинска школа во Битола од 2007 година. Предава и на Воената Академија Скопје од 2011 година.

### ЗНАЧЕЊЕ НА HIV/AIDS ВО ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА

Во трудот ќе бидат изнесени морфолошките карактеристики на ХИВ, размножување на вирусот, најновите епидемиолошки податоци за ХИВ/АИДС во светот и во Македонија, трансмисија на ХИВ, ризични групи, микробиолошки инфекции и орална патофизиологија кај пациенти со ХИВ/АИДС, можности за дијагностика, превенција и пост-експозициона профилакса.

## 12.45 – 13.15 Проф. д-р Даница Поповска Моневска



Дипломирала на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 1987 година. Специјализира максилофацијална хирургија во 1995 година, магистрира во 1996 година, а во 2004 година докторира на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 2006 година избрана е за доцент, а во 2010 за вондреден професор на Катедрата за максилофацијална хирургија во Скопје. За стручно усовршување престојувала на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија во Љубљана, Словенија и Универзитетската клиника во Гент, Белгија. Учествувала со свои трудови на повеќе домашни и странски конгреси меѓу кои и на XV, XVI, XVIII Конгрес на Европската Асоцијација на Краниомаксилофацијална хирургија. Од 2013 година е на функција Продекан за настава на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

**МЕНАЏИРАЊЕ НА ДЕНТАЛНИТЕ ПРОЦЕДУРИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО КРВНИ ДИСКРАЗИИ И ДРУГИ СОСТОЈБИ КОИ ДОВЕДУВААТ ДО ПРОЛОНГИРАНО КРВАРЕЊЕ**

Освен вродените крвни дискразии постојат и други здравствени состојби кај пацинетите кои го зголемуваат ризикот од обемни кварења по дентални и оралнохируршки интервенции. Дентален менаџмент на пациентите со крвни дискразии е резултат на блиска соработка помеѓу хематологот и оралниот хирург. Хематолозите се одговорни за ординирање на системската превентивна терапија но оралниот хирург со локалните хемостатски постапки дава голема подршка во спречување на крварењето.

## 13.15 Дискусија

## 13.35 Доделување на сертификати

## Прво соопштение за следен Научен симпозиум – 18.10.2014:

# МЕДИЦИНА И СТОМАТОЛОГИЈА БАЗИРАНА НА ДОКАЗИ

***Предавачи:***
***Проф. д-р Милка Здравковска***
***Проф. д-р Елизабета Зисовска***
***Проф. Д-р Цена Димова***
***Доц. Д-р Бистра Ангеловска***
***Ас. Д-р Киро Папакоча***

***Уплата:***

***Назив и седиштена примачот:*** *ДУ Гоце Делчев*

***Жиро сметка:*** *100000000063095*

***Банка на примачот:*** *НБР Македонија*

***Сметка на буџетски корисник:*** *1600160330 788 22*

***Претходна шифра:*** *723113 44*

***Цел на дознака:*** *Котизација за Научен Симпозиум на ФМН – октомври 2014*

*Ве молиме, при уплатата да го наведете и Вашето име и презиме.*

***Контакт:*** *проф. д-р Цена Димова 070338392*
*асс. д-р Киро Папакоча 071332232*

**Покровители:**

ПРОМЕДИКА, ОРАЛ ЕСТЕТИК ТРЕЈД, vit, Colgate